**РЕАЛЕН СЕКТОР**

**Табела бр.1 Бруто домашен производ ЕСС 2010**

Бруто домашниот производ (БДП) прикажан во Табела 2 е изработен од страна на ДЗС според методологијата Европски систем на сметки (ЕСС 2010).

Повеќе информации за методологијата на изработка на БДП според ЕСА2010 може да се најдат на следниот линк: http://www.stat.gov.mk/Dokumenti/ESA2010_mk.pdf

**Табела бр.2 Трошоци за живот – вкупно**

Серијата вкупни трошоци на живот прикажана во Табела 3 е изработена од страна на ДЗС.

Повеќе информации за методологијата на изработка може да се најдат на следниот линк: http://www.stat.gov.mk/ceni

**Табела бр.3 Трошоци за живот – COICOP**

Извор на податоците за цените е ДЗС.

Повеќе информации за методологијата на изработка може да се најдат на следниот линк: http://www.stat.gov.mk/ceni

**Табела бр.4 Индустриско производство**

Извор на податоците за индустриското производство е ДЗС.

Повеќе информации за методологијата на изработка може да се најдат на следниот линк: http://www.stat.gov.mk/industrisko_proizvodstvo

**Табела бр.5 Вработеност и продуктивност во целата економија**

Извор на презентираните податоци за вработеноста е Анкетата за работна сила (АРС) на ДЗС.

Повеќе информации за методологијата на изработка на оваа анкета може да се најдат на следниот линк: http://www.stat.gov.mk/pazar_na_trud

Продуктивноста во економијата се пресметува во НБРМ на квартална основа како соодност помеѓу бруто домашниот производ и бројот на вработени лица. Податоци за вкупниот БДП и бројот на вработени во економијата (според Анкета за работна сила) се од ДЗС.

**Табела бр.6 Плати**

Извор на презентираните податоци за исплатените нето и бруто плати по вработен е ДЗС.

Повеќе информации за методологијата на изработка на овие податоци може да се најдат на следниот линк: http://www.stat.gov.mk/plati

**Табела бр.7 Буџет на Република Македонија (Централен буџет и буџети на фондови)**

Извор на презентираните податоци е Министерството за финансии на Република Македонија.

Повеќе информации за податоците може да се најдат на следниот линк: http://www.finance.gov.mk/mk/node/898

**Табела бр.8 Индекс на цени на станови**

Индексот на цените на становите[1] е изготвен од страна на НБРМ за територијата на Скопје. Индексот е изготвен врз основа на податоци кои се однесуваат на огласите за продажба објавени од агенциите коишто се занимаваат со промет со недвижности. Пресметката на индексот е направена преку хедоничкиот метод, а фреквенцијата на индексот е со квартална динамика.

Хедоничките ценовни индекси се базираат врз хедоничките ценовни модели, според кои цената на еден производ е функција којашто произлегува од неговите карактеристики. Цената на станот е функција којашто произлегува од големината на станот, населбата во која се наоѓа, катот, од тоа дали станот има централно греење и од тоа дали станот е нов.

Основната предност на хедоничкиот метод при конструкцијата на ценовните индекси во однос на конвенционалните методи (кои се темелат врз следењето на цената на еден ист производ низ време) е експлицитното препознавање на влијанието на квалитетот врз цената. Оттука, хедоничките индекси овозможуваат пресметување на чистата промена во цената, односно промена во цената којашто не е резултат на подобрувањето на производот. Токму заради ова, овие ценовни индекси најчесто се пресметуваат за производи коишто рапидно се менуваат - високотехнолошките производи, компјутерите, автомобилите, но и становите.

[1] Користената методологија детално е објаснета во Давидовска-Стојанова Б., Јовановиќ Б., Кадиевска-Војновиќ М., Рамадани Г., и Пертровска М., (2008): Цените на недвижностите во Република Македонија, Работни материјали, НБРМ.